Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 11.12.2024

На 10.12.2024 во 21.35 од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција и Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, бил извршен претрес во домот на Д.А.(27) од Скопје, на подрачјето на Драчево. При претресот пронајдени се над четири килограми марихуана, 18 пакувања со прашкаста материја (амфетамин) и бела грутчеста материја. Д.А. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик по брза постапка.

На 10.12.2024 во 22 часот на улица „18 Ноември" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ја лишиле од слобода Ц.З.(29) од гостиварско Дебреше. При претрес во домот и помошни простории во с.Дебреше, каде што живее со нејзиниот сопруг Д.Н.(29) од Дебреше, извршен со судска наредба, биле пронајдени повеќе пакувања со марихуана, саксија со засадено стебло од канабис, кутија со семки од растението канабис, две дигитални ваги, една пушка, 144 парчиња муниција и пари. Таа е задржана во полициска станица и се преземаат мерки за пронаоѓање на Д.Н., кој не бил присутен на претресот. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2024 во 12.50 часот во струшката населба „Езерски лоза", полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го лишиле од слобода Л.А.(18) од Република Албанија. При претрес во апартман, кој тој го користел, била пронајдена и одземена марихуана и други предмети. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.12.2024 во 13.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Д.С.(32) од село Баница, струмичко, поради сомнение дека на крајот на месец ноември и на почетокот на декември извршил четири тешки кражби на дрзок начин во куќи на подрачје на Радовиш, при што одзел пари, накит и други предмети во вкупна вредност од 1.159.050 денари. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени предмети кои потекнуваат од извршените кривични дела. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица, а на 10.12.2024 во службен разговор во просториите на ОВР Радовиш, ги признал делата. Известен е јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по документирање на случаите, против Д.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Деноска (11.12.2024) во 02.40 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Р.(38) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Деноска (11.12.2024) во 01.40 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(36) од с.Инџиково, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2024 во 20.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ј.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2024 во 19.50 часот, полициски службеници од Полициско одделение Градско го привеле М.П.(34) од Градско. При контролата на патничко возило „лада" без регистарски ознаки, управувано од М.П., биле пронајдени огревни дрва без жиг и документација. Дрвата и возилото биле одземени и предадени на Шумска полиција и по документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.12.2024 во СВР Тетово било пријавено дека околу 17.10 часот на улица „Страшо Пинџур" во Тетово, патничко возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.К.(64) од с.Порој, удрило во пешакот Ф.С.(70) од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот Ф.С., констатирани во Клиничка болница Тетово. По овластување на јавен обвинител, увид на лице место извршила екипа од СВР Тетово.

На 10.12.2024 во 08.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило и мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.З.(41) од Скопје, по што возачот со патничкото возило го напуштил местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.12.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Шуто Оризари" и ул.„Бутелски венец" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Х.(67) и мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од О.З.(57), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од мопедот, Б.З.(54) од Скопје, а возачот на мопедот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.12.2024 во 12.45 часот во Полициската станица Аеродром, М.Ј.(75) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" била каснат од куче скитник.

На 10.12.2024 во 18.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.А.(37) од Скопје пријавила дека на ул.„Ана Липша - Тофовиќ" во Скопје била каснат од куче скитник.

На 10.12.2024 во 17.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ј.К.(42) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје, нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 10.12.2024 во 15.00 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека при обиколка од страна на вработените во затворска - економија во Казнено - поправната установа Затвор Прилеп била пронајдена бела прашкаста материја. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Деноска (11.12.2024) во СВР Скопје, 44-годишна жена пријавила дека на 10.12.2024 околу 19.30 часот во семејниот дом во скопско била физички нападнат од нејзиниот сопруг М.Ќ., кој употребил и тврд предмет и ѝ се заканувал. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2024 во 21.10 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Д.(32) од Скопје, затоа тоа што околу 18.00 часот во семејниот дом физички ги нападнал неговите мајка и баба. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2024 во 20.20 часот во СВР Скопје, Ѓ.Ѓ.(43) од с.Кадино, општина Илинден, пријавил дека пред семејната куќа бил физички нападнат од Д.„Н". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2024 во 11.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Студеничани, товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ш.Б.(51) од с.Студеничани, удрило во Н.З.(54) од с.Студеничани, кој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Според пријавеното, претходно Н.З. му помогнал на Ш.Б. со трактор да го извлечат од кал товарното возило, а откако го сториле тој слегол да ја откачи сајлата, но Ш.Б. не го забележал тоа и продолжил да се движи наназад и со возилото го удрил Н.З.. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2024 во 15.50 часот во СВР Скопје, Ѓ.Ѓ.(51) од Скопје пријавил дека околу 02.00 часот во угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром, неговата 16-годишна ќерка била физички нападната од друга малолетничка која ја познавала и која била заедно со уште три малолетнички. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2024 во 17.20 часот во СВР Скопје, Н.М.(59) од Велес пријавил дека околу 15.00 часот на автобуска постојка на подрачјето на Гази Баба, бил физички нападнат од тројца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2024 во 16.05 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(42) од с.Мирковци, скопско, пријавил дека пред неговата куќа во селото дошол М.Е. со уште едно лице и поради нерасчистени должничко - доверителски односи, од огнено оружје испукал еден куршум кон него, но не го повредил. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а од местото била подигната една чаура за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 10.12.2024 во 17.20 часот во СВР Скопје, Н.М.(59) од Велес пријавил дека околу 15.00 часот на автобуска постојка на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од тројца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2024 во 17.25 часот во СВР Скопје, Р.Ј.С.(32) од Скопје пријавила дека околу 16.20 часот на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на физичка сила и одзело личен накит. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот.

Деноска (11.12.2024) во 01.30 часот на Граничниот премин Богородица, на влез во државата, во товарно возило „сканиа" со полски националини ознаки, управувано од О.М.К.(42) од Република Полска биле пронајдени двајца мигранти од Авганистан. По извршен службен разговор со возачот и мигрантите било констатирано дека тие влегле во возилото кога возачот правел пауза. Тие биле спроведени во Прифатно – транзитниот центар во Гевгелија за понатамошна постапка.

На 10.12.2024 во 22.35 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле малолетник од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.12.2024 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.35 часот во спортска обложувалница на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, едно лице со закана кон вработениот одзело пари од прометот. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.12.2024 во 12.00 часот во ОВР Кичево, В.П.(63) од кичевското село Јудово пријавил дека на локален пат во селото Бриѓани бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Р.А.(45), Е.А.(18) и 16 – годишник, сите од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 07.10.2024 во Куманово, пријавените физички го нападнале М.С., при што употребиле и тврди предмети.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против З.В.(52) од с.Бељаковце, кумановско и С.Г.(43) од с.Клечовце, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 02.10.2024 во куќа во с. Клечовце, второпријавениот физички нападнал 17 – годишник, по што првопријавениот со тврди предмети го нападнал малолетникот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.З.(35) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 28.04.2024, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што бил пронајден и одземен хероин.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Б.(46) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.09.2024 на место викано „Дворови", полициски службеници извршиле преглед над малолетник, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавил од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против И.Г.(39) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 11.11.2024, пријавениот физички го нападнал неговиот татко и му нанел телесна повреда.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.М.(62) од Делчево, вработен во ЈП „Национални шуми" – Подрачно шумско стопанство Гопак – Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „фалсификување службена исправа". На 23.11.2024 на магистралниот пат А-3, на преодот за с.Киселица, по извршена контрола од полициски службеници, а со цел да го прикрие незаконскиот транспорт на огревно дрво од претходно издадената испратница, на лице место на контролата издал испратница, во која внел невистинити податоци, која ја предал на Ѓ.Г. кој го управувал товарното возило, за да ја приложи како доказ за поголемата количина на огревно дабово дрво што ги превезувал.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.С.(62) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 21.09.2024 кај место викано „Ушици", полициски службеници извршиле преглед над патничко моторно возило „доу", управувано од пријавениот, на кое вметнал регистарски ознаки кои припаѓаат на друго возило.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Т.П.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". На 06.06.2024 во тунелот на Јаворица, во правец Гевгелија-Скопје, било пронајдено патничко возило „фора мондео" управувано од пријавениот, а во кое биле пронајдени девет мигранти од Сирија.